ЕВРОПСКА УНИЈА

ДЕЛЕГАЦИЈА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Скопје, 8 мај 2012

# Завршен семинар на ИПА проектот 2008
# “Развој и спроведување на Агро-еколошките мерки”

**Скопје**
**8 мај 2012**

Говор
Амбасадор Аиво Орав
Шеф на Делегацијата на ЕУ

**Почитуван Министер Димовски,**

**Дами и господа**,

Ми претставува задоволство да бидам присутен на денешното одбележување на затворањето на големиот проект финансиран од ЕУ за поддршка на земјоделскиот секторr, "Развој и имплементација на Агро-земјоделските мерки".

Особено е важно дека овој настан се одржува токму оваа недела – Европската недела, при што утре ќе биде прославата на Денот на Европа. Тоа е бидејќи агро-еколошките мерки претставуваат иницијатива на Европската Унија. Тие се стремат да ја подобрат земјоделската средина за земјоделците и луѓето од руралните средини на европскиот континент; од Малта, па дури до Естонија и Финска.

Земјоделството е многу важно за економијата на оваа земја а земјоделското производство е одлично – треба само да го посетите пазарот кој се наоѓа неколку улици од конференциската сала за да го потврдите тоа. Поради тоа, подобрувањето на земјоделската средина е клучна за движењето на земјата кон европската иднина – пат кој што води низ полиња, лозја, ридови и шуми, сите се дел од животната средина

ЕУ се залага за споделување на своите достигнувања и вредности со земјите и луѓето надвор од своите граници. Овој проект, за чии детали разговаравте за време на семинарот утрово, е вистински пример како ЕУ помага за зајакнување на капацитетите на министерствата за усогласување на домашното законодавството со законодавството на ЕУ во областа на агро-екологијата.

Проектот одиграл значајна улога за обезбедувањето на техничка помош за Министерството за земјоделство. Во рамките на проектот следните активности биле имплементирани:

- обезбедени беа обуки;
- во земјата беа организирани отворени средби за земјоделците и креаторите на мислења; како и
- Подигната беше свеста преку пренесување на информации во јавност.

Проектот исто така заврши голема работа за разгледувањето и ажурирањето на регулаторната позадина и развојот на поврзаните политики. Тоа често пати вклучувало екстремно комплексни прегледи на законодавството – буквално линија по линија.

Како резултат на овие достигнувања на проектот, инфраструктурата за Министерството е сега поставена за да започне со примената на агро-еколошките мерки – на почеток како пилот фаза.

Го поздравувам концептот за заштита на земјоделската средина не само во оваа земја, туку во сите европски земји. Знам дека во претходниот технички семинар, бевте заинтересирани да ги чуете изучените лекции во новите земји членки на ЕУ и изгледот од 2014 и понатаму.

Што се однесува на иднината, секако дека ќе има финансиска поддршка од ЕУ за земјоделскиот сектор. Во моментот подготвуваме два твининг проекти како и проект за техничка помош.

На почетокот од моите забелешки спомнав дека утре е Денот на Европа и набргу ќе треба да ве напуштам за да помогнам при подготовките. Истовремено задоволен сум што присуствував на оваа успешна и стимулирачка конференција.

За крај сакам да им се заблагодарам на сите партнери на проектот за нивната напорна работа во текот на изминатите 18 месеци; Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Земјоделската платежна агенција - АФСАРД; и секако изведувачите, водени од АДТ од Германија, со поддршка на своите партнери.

Почитуван Министер, дами и господа, ви благодарам за вашето внимание.